СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	25.06.2025 ГОДИНА БРОЈ 8 ГОДИНА 2025 КРИВОГАШТАНИ	Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019 Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2025 г.

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2025 г. што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2025 година.

2.Програмата за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2025 г. ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-798/2
25.06.2025 год.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 95 од Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15,193/15,226/15, и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 25.06.2025 година донесе:

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2025 г.

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Кривогаштани за 2025 година број 08-1365/3 од 24.12.2024 година и тоа:

- Во Програма: JD: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ –
- 1.1 дел- I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СО НАДЛЕЖНИ МИНИСТЕРСТВА, во проект 2 после зборот 700м, се додава: ,,и Славеј –индустриска зона во должина од 385м.,,

Вкупна вредност се зголемува за 4.000.000 денари и изнесува 30.000.000 денари
Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 6.000.000 денари
Министерство за транспорт - Светска Банка:24.000.000 денари
Вкупно Програма 1 се зголемува на 34.950.000 денари

-1.2 дел ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ, Проект 1 се менува и гласи:
Проект1: Изградба на улици во: Обршани, Пашино Рувци, Кривогаштани,Славеј, Бела Црква, Врбјани, Кореница, Боротино
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се асфалтираат улици во населените места:, Пашино Рувци (дел од ул. Б.Трајкоски и ул. на КП 2430/1 и КП552) во должина од 350м, Кривогаштани во должина од 1000м(дел од улица : Македонски Просветители (дел од ул. 5), Илинденска, Филип Втори, Гоце Делчев, Браќа Моцаноски), Бела Црква во должина од 160 м, Обршани во должина од 150м, Боротино во должина од 200м, Кореница во должина од 350м, Врбјани во должина од 250м.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2025 до 11/2025 година.
Вкупна планирана вредност на проектот : 25.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
Министерство за транспорт -20.000.000 денари
БРР:5.000.000 денари

- Во ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ се додава Проект 2 кој гласи:,, Изградба на локален пат Славеј-Заполжани на КП 186 (граница на општина Кривогаштани) во должина од 1083м.,,

-Планирана вредност на проектот : 7.692.000 денари
Извор на финансирање: Министерство за транспорт: 4.465.000 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 3.127.000 денари
ВКУПНО ПРОГРАМА II :32.692.000,00 денари
ВКУПНО ПРОГРАМА ЈД:67.642.000,00 денари

Бр.08-773/3
25.06.2025 год.

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.

1. Се прогласува Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2025 година.

2. Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г. ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-798/3
25.06.2025 год.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 22 ст.1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РСМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и чл.15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани(“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/2011, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на ден 25.06.2025 година, донесе

Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.

Член 1

Со оваа одлука се врши дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 година бр.08-1365/7 од 24.12.2024 година, бр. 08-108/3 од 29.01.2025 година, бр. 08-485/4 од 04.04.2025 и бр. 08-636/5 од 26.05.2025 година и тоа:

-Во потточка 2.3 Урбанистички проекти се додава

реден број 18 кој гласи:

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на ГП 7.77 од УП за село Бела Црква (Блок 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7) КО Бела Црква, Општина Кривогаштани (Финансирано од барател).

Член 2

Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-

проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-773/4
25.06.2025 год.

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Заклучок бр. 08-773/5 од 25.06.2025 г.

1. Се прогласува Заклучокот бр. 08-773/5 од 25.06.2025 г.што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 25.06.2025 година.

2. Заклучокот бр. 08-773/5 од 25.06.2025 г. ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-798/4
25.06.2025 год.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2025г. донесе:

ЗАКЛУЧОК

Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 25.06.2025 година ја разгледа состојбата со водоснабдувањето во н.м.Годивле Кореница и Подвис од водоснабдителниот систем ,,Студенчица,, и донесе заклучок да се информира Полициското одделение во Кривогаштани за незаконското постапување на одредени граѓани, односно за незаконското запирање на водата од водоснабдителниот ситем ,,Студенчица,, кон наведените населени места, а со цел да преземи соодветни мерки во рамките на своите надлежности.

Бр.08-773/5
25.06.2025 год.

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

СОДРЖИНА

на акти донесени на 65-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 25.06.2025 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани

1. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2025 г.....1
- Програма за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2025 г..... 1
2. Заклучок за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.....2
-Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.....3
3. Заклучок за прогласување на Заклучок бр. 08-773/5 од 25.06.2025 г.....4
-Заклучок.....4

Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
Тираж: 20 примероци